**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број 08-588/1**
**01.03.2019 година**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 31 став 2 точка 34 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19), согласно со заклучоците од Сто и седумнаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија во врска со извршувањето на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија, Државната изборна Комисија на седницата одржана на 28.02.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Деловникот, бр. 01-1322/1 од 06.07.2017 година, на Државната изборна комисија

### Член 1

Со цел извршувањето на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија, во Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 01-1322/1 од 06.07.2017 година се вршат следните измени и дополнувања:

- Низ целиот текст на Деловникот, зборовите „Република Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".
- Во ставот 3 од членот 4, точката по зборот „Скопје" се брише и се додаваат зборовите: „напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо како и на англиски јазик. Натписот ќе биде со иста големина и фонт, при што натписот на македонски јазик и писмо ќе биде напишан прв".
- Во членот 6, по ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи: „Печатот и штембилот на Комисијата се испишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо".
- Во членот 55, ставот (3) се менува и гласи: „Комисијата по службена должност врши увод во целокупниот изборен материјал, доколку фактите на кои упатува приговоорот се внасени во записникот согласно член 151 ст. 2 од Изборниот законик".

### Член 2

Останатите одредби од Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 01-1322/1 од 06.07.2017 година остануваат непроменети.

### Член 3

Се задолжува стручната служба на Државната изборна комисија да отпочне со постапки за замена на постојните табли и печати на Комисијата.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СКОПЈЕ